Томислав Османли

# СТРИП – ДЕВЕТТАТА УМЕТНОСТ

Книгата е објавена со поддршка од:

Република Северна Македонија
Министерство за култура

**Едиција – „Плочка“**

Главен уредник
**Филип Димевски**

Лектура
**Ирена Ралева**

Наслов на оригиналот:
**Томислав Османли**
**СТРИП – ДЕВЕТТАТА УМЕТНОСТ**

**© Tomislav Osmanli, 2021**

Компјутерска обработка
**Бегемот**

Ликовно уредување
**Наталија Лукомска**

© Сите права на изданието ги има БЕГЕМОТ ДООЕЛ – Скопје. Забрането е копирање, умножување и објавување на делови или на целото издание во печатени или електронски медиуми без писмено одобрение од издавачот.

Томислав Османли

# СТРИП – ДЕВЕТТАТА УМЕТНОСТ

ЗАПИС СО ЧОВЕЧКИ ЛИК
(Антропоморфизмот на стрипот)

Од развојот на медиумот до актуелната
идеологија и типографија на „деветтата уметност“

Бегемот

Скопје, 2021

Содржина

I. Пролегомена ..... 17
II. Развојот на медиумските својства на стрипот ..... 27
III. Простор за движење ..... 87
IV. Автори и јунаци ..... 105
V. Социјално ангажиран стрип ..... 179
VI. Дострели на Ју-стрипот ..... 227
VII. Создавањето на македонскиот стрип ..... 241

Предговор кон првото издание на „Стрип – запис со човечки лик“
Ласер покрај свеќа ..... 341
Поговор кон книгата „Стрип – деветтата уметност“
Импресивна студија за уметноста на стрипот ..... 342

Био-библиографија на авторот ..... 345

За Димитар и за Александра

„Значи, како? Јас сум. Но, себеси уште се немам. Според тоа, ние сѐ уште никаде не знаеме што сме, премногу нешто недостасува...“

Ернст Блох, „Experimentum mundi"

# (Ре)визија
# ЗАПИСИ СО ЧОВЕЧКИ ЛИК

Дали е стрипот потрага по еден автентичен запис и ако е, тогаш што е содржината на тој запис? Но, ако веќе постои чинот на потрагата, тогаш не треба ли да се тргне од почетокот, а на почетокот беше зборот, или сликата, во секој случај на почетокот беше творбата што остави траги во духот и обличјата на создадените нешта; на делата на човековата божествена вдаховеност?

Какви се, имено, тие траги што, следени со милениуми во минатото, водат до ембрионот на свесното творечко постоење, до самите граници на светот што извира од мракот на вселенското опстојување, проблеснат од првите зраци од мугрите на свеста? Но, трагите водат и поназад до состојбата на едно бегло сетилно постоење на едноклеточниот живот, постоење лачено со и од живородните сили на создавачкиот материјал и создателот. Од прамаглините на постоењето, од Хаосот на Космосот, пробиваат сликите на подвижни силуети, се креваат и се грчат, а потоа добиваат контури. Тоа е некаква чудна, возвишена, а воедно и драматична и ужасна визија што сега си го бара патот надвор...



## ВИЗИЈА



**Од мракот извираат раце, кренати во знак на присутност, смилостување на создателката, но и раце грчевито раширени во обидот да се присвои светот, иднината, небесата, можеби да се дофати раното, студено сонце**.[1]

Се сеќава ли Корбен на прапостанокот кога пишува така доживеано: „Ми се причинуваше дека бесконечно долго време лебдев во мракот. Постапно, облаците на електронеутралните импулси се соединија и го оформија мојот ум, и јас станав свесен за сопственото постоење. Се движев низ простор на чудесни бои."[2]

Блох има слична визија: „Се движам. Од рано се бара. Се бидува наполно алчен, се вика. Се нема што се сака."[3]

...Постои само едно, раката крената како знак за суштеството што извира.



**Тоа суштество што се појавува од маглите на прапостоењето личи на нас, гледа, чувствува и мисли.**

Сака да ни припадне, но како? Чувствувајќи, мислејќи! „Кои сме ние? Од каде доаѓаме? Каде одиме? Што очекуваме? Што нѐ очекува...“[4]

„...Глетката ми беше потполно непозната. Ни своето тело не го чувствував. Какви тоа сили ме довлекле ваму? Се обидував да се присетам... Нешто постоеше, но се задушуваше тој огномет на бои...“[5]

Тоа суштество што збунето стои пред огнометот што сега за првпат природата го приредува **за некого**, чувствува ли надмоќ, гордо исправајќи се и ползувајќи го и тој дар што му е даден или што самиот си го избори? Тој не е Бог, зашто не е семоќен, но тој е Божји син, зашто и самиот создава. Ако е потомок на Боговите, тогаш неговите татковци не се поразлични од него. Та, зарем самите не рекле: „Да создадеме човек според нашиот лик и подобие, за да биде господар... над целата земја!“[6]

И насетувајќи го сето тоа, тој што бил пред нас, а е и во нас, исполнет со сила, гордост и самочувствие што му го дала неговата мислечка божественост...



**Тргнал, со мугрите, на долг пат, обидувајќи го невозможното, барајќи се себеси, сакајќи да ја дофати својата сенка**, заборавајќи дека, внатре, и самиот е мрак и сенка, сенка од мрак. Тој оди, но каде се упатил? Та, сенката што ја следи е неговата сопствена, навистина променета, издолжена и чудна, но сепак сенка на неговата глава, труп и краци. И тој оди, обидувајќи се да се дофати себеси во светот и светот во себе. Талкајќи по проекцијата на сопствениот нестварен облик, тој е сѐ посамоуверен, уверен во себе, во стварноста на една сенка; та не е ли определен и создаден да биде господар?! **Тој е, но себеси се нема и себеси се бара, а барајќи се, тој остава траги**. И тие траги, сите негови творби не се ништо друго, туку негова сенка, траги на неговиот обид за себедофаќање, остатоци од движењето на неговата гордост, самоувереност, суета, но и на неговиот лик во сенка, што – секогаш нова и необична – го мами и го привлекува, терајќи го напред во неговиот чудесен прогон по себе.

Тој што е роден од творечката сила на природата, роден е како нејзина творба што создава. **Сенки ли, за себе?!**

## РЕВИЗИЈА

Од каде извира таа визија? Од каде тој запис во несвесното, тој наметлив енграм на една древна слика втисната во нас? И, можно ли е, кога веќе така силно е втисната, да не е неискусена, да е невистинита? Постојат, меѓутоа, записи не само во духот што го надвива темната сенка од минатото (не)постоење, туку и записи на самиот тој дух, отиснати како докази за скептиците. Скаменети траги на мечтателноста и незапреното себебарање, на сизифското талкање по сопствената сенка. А, пак, на тие записи оставени во траги на камен се појавуваат раце, тие орудија на потребата што ја обликуваат прасвеста, онака како што таа ги дообликувала и нив. Раце-симболи, но и раце-орудија, раце-создавачи, раце-пишувачи, раце-градители, раце-цртачи, раце-танцувачи, раце за траги – записи од раце... Така, слободните асоцијации врзани за самообличноста на раката, повторно нѐ враќаат на записот во нас, но и на мислата за записот што останува по нас; **записите водат во смислата на постоењето**. На постоењето што ги менува своите облици, а што сега е на самата граница да се надмине себеси. Раката, во мугрите испружена како знак за постоење и смилостување на божествената моќ, сега е обоготворена и моќна. Со помош на раката, дури на само еден нејзин прст, човекот е способен да уништи сѐ. **Онаа мрачна сенка на непостоењето, вгнездена во него, сега расте и бара излез**.



**Раката-создателка, тоа орудие на живородноста, тој симбол на демиуршките сили, сега се појавува како рака на заканата, како рака-уништувач, како орудие на силите на деструкцијата.** Тоа орудие што е израз на човеколикоста каква што ја сакаме, благородна, творечка, живородна, го овладува мрачната отуѓена сила откината од создавањето и го изразува како уништувачко, заканувачко, опасно.

Двете сили што ја придвижуваат раката, на едната или на другата страна, како нишало надвиснато над постоењето за да му дава ритми, животност и смисла, или за потполно да го обесмисли, опстојуваат и денес, се судруваат, војуваат за превласт. **Не е ли севкупното човечко создавање драматична антагонија во оваа ситуација; на оваа ситуација; на ова нишало што низ симболот на раката добива целовит човечки опцрт и значење?**

Но, во тоа двоумечко нишање, раката на (без)смислата остава траги, множества необични записи за двете страсти, за двете сили што ја туркаат ту на едната ту на другата страна. Секој споменик на човековиот дух не е ништо друго, туку трага на ова движење, на ова драматично нишање помеѓу постоењето и пропаста, но трага што секогаш има човекообразност, човечка мерка и смисла. Човекот е дело и смисла на природата; тој ја искажува нејзината творечка суштност. Но, што е исказ и смисла на самото човеково создавање, ако не – самиот тој? Секое човеколико дело е, затоа, само навраќање кон себе, тоа е само исказ за него. Тоа дело и кога говори за божествата, секогаш го подразбира човекот. Уметноста е нарцисовиот лик на човекот – остварен во сенка; лик што мами на дофаќање, но останува недофатен.

## ЗАПИСИ

Сликовните записи на ликовните дела, а особено на „деветтата уметност“, се средства што изразуваат симболички визии, но и што се хранат од нив, од сликите на колективното сеќавање што стануваат сечии, наоѓајќи си го патот од еден творечки поединец до друг – низ мечтите.

Стрипот, како впрочем и секое творечко дело, низ фантазиските, ирационални, онирички, во секој случај симболички слики, ја искажува човековата преокупираност со себеси, со сопствените состојби на духот, со своите атавистички, скриени сили, но и со сопствените чудесни борби со нив. Стрипот е уште еден, вонредно продуктивен **симболички исказ на драматичноста и величественоста на самата антропопеја**.

*Раката, тој живороден антропоморфен симбол, прераснува и во симбол на животната закана. Таа архетипска симболика извонредно ја изразува Алберто Бреча во една сцена од стрипот за Морт Циндер, цртајќи ги сенишните раце што посегаат кон човекот.*



Но, стрипот, освен оваа, има уште една сопствена човеколика димензија: тој слика божества, мутанти, вонземјани, витези, киборзи и најфантастични биолошки хибриди; притоа, тие негови кошмарни или чудесни творби секогаш се **антропоморфни**.

Тие стриповски јунаци се суштества што ги искажуваат најавтентичните човекови недоумици, сомненија, мисли, чувства, расположби, но освен тоа, тие се најчесто и **фигуративно** човеколики; кога, пак, не се тоа, тие се барем **персонификациски** човеколики. Мислечката или дејствената **појава** во стрипот, дури и кога е претставена како обичен црв, е симбол на човечноста, зашто се работи за **свесно** дејствен или за **мислечки** црв. Стрипот е, имено, децидирано фигуративно творештво; тој секогаш нешто „претставува". Таа фигуративност речиси секогаш е специфицирана како – човеколикост. Стрипот, оттука, не е само симболички, туку најчесто и буквално антропоморфен. Од оваа специфика потекнува и неговата сила што чекаше да биде ослободена во времето што ѝ го призна правото на соноликата фантазија и ирационалноста, да биде основен материјал во современото човеково уметничко себебарање.

**Човекот како израз, мерка, цел и смисла и на стриповското творештво**, тоа е всушност вистинската тема и на овие записи што се обидуваат да ги приведат примерите и да ги изведат доказите за ова конкретно човекопримерување на уметноста. Којашто е сенка на сите негови обриси, сенка што постојано се менува и бега од неговиот дофат, постојано нова, величествена и примамлива.

Не сме, и не остануваме ли во потрага по таа наша сенка што постојано ни се измолкнува, исполнувајќи нѐ, како за награда, со чувството на величественост од нејзините најневозможни епохални метаморфози (што сѐ уште не го истрошиле своето калеидоскопско богатство) на оние фасцинантни форми што, всушност, се наши проекции, а сепак ни личат на божествени остварувања. Така, сизифовската потрага по недофатливата човекооблична сенка го надополнува митот на Нарцис, два митолошки прикази споени во обидот да се спознае величествената мистерија на творештвото и на убавината.

1. Види: Ото Бихаљи-Мерин. „Ревизија на уметноста" (поглавје: „Со кренати раце"), „Култура", Скопје, 1979, стр. 9-35.
2. Ричард Корбен, „Den", „Stripoteka" бр. 880/1986.
3. Ернст Блох, „Princip nada", prvi svezak, „Naprijed", Zagreb, 1981, стр. 23.
4. Идем, стр. 1
5. Ричард Корбен, op.cit.
6. Стар завет, Книга на постанокот.